Република Македонија
**Министерство за правда**

Бр. 19-385/2
Скопје, 25. 02. 2013 год.
Министерство за правда

ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.
Фах.
Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:
umalevska@mjustice.gov.mk

**ДО**
**Фондација Метаморфозис**
**ул.„ Апостол Гусларот“ бр.40**
**Скопје**

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Министерството за правда заведено под број 19-385/1, а во кое барате да Ви биде дадена листа на спроведените активности од Акциониот план за спроведување на Законот за малолетничка правда, Ве известуваме дека во посочениот период се остварени следните активности :

- 2011 година:

- во септември започна реализацијата на посебен Проект за изработка на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Македонија, во рамките на кој клучна активност е изработката на Стратегијата за развој на пробациска служба со Акциониот план за реализација, во рамките на кој ќе се изработат и економска анализа за трошоците за воспоставување и функционирање на пробациската служба, наспроти казната затвор, која е составен дел на оваа Стратегија. Стратегијата за воспоставување на пробациски систем е во завршна фаза на изработка. Таа е среднорочен развоен документ кој има за цел да ја постави рамката на пробацискиот систем во Република Македонија.

- 2012 година:

-Донесена е Национална стратегија за превенција на малолетничката деликвенција. Преведена е на македонски и албански јазик.

-Отворен е дициплински центар.

-Изработени се видеа за обуки на професионалци.

-Одржани се шест обуки за членовите на формираните локални совети со цел подобро и поквалитетно изготвување на акционите планови за превенција на малолетничко

престапништво. Испечатени се брошури и постери со информации како се формираат локални совети за превенција на малолетничко претстапништво.

-Одржани се шест мулти-дициплинарни обуки за судии, обвинители, адвокати, полиција, медијатори и претставници на центрите за социјална работа.

- Завршени се три обуки од Програмата за менторство на кои беа обучени 30 ментори од Институтот за социјална работа и социјална политика.

Менторската програма се спроведува девет месеци

-Организирани се две теренски патувања со пратениците, посета на едукативно- поправниот дом во Тетово и посета на Центарот за социјални работи во Скопје, со цел да дознаат повеќе за имплементацијата на Програмата за менторство;

-Одржани се две обуки за вештини за интервјуирање на деца-жртви и сведоци, првата за судии и обвинители од западниот дел на Македонија, а втората за судии и обвинители од источниот дел на Македонија. Имајќи ја во предвид специфичноста на темата, меѓу судиите имаше претставници и на граѓанскиот и на кривичниот оддел од основните судови.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Blerim Bexheti